

Тенискиот клуб “Неготино” е формиран во 1993 година. Прв и актуелен претседател на клубот е Блажо Лазовски, а прв и актуелен тренер на клубот е Александар Јованов. Најдобри резултати на клубот се: Три пати вицешампиони на Македонија во екипна конкуренција и шест учества на завршните Мастерс турнири во организација на Македонската тениска федерација во јуниорска конкуренција.   Најпознатите имиња на клубот се: Ѓорѓи Лазовски, Дане Јованов, Александар Богевски, Ангел Крстев, Кире Чаушев, Павле Јованов.
Во тековната сезона 2009/2010 во екипна конкуренција сениорската екипа ќе се натпреварува во Првата лига на Македонија. Во поединечна конкуренција јуниорите од клубот ќе настапуваат на турнири од Календарот на МТФ.

Во тековната сезона клубот има 35 членови.

ТК “Неготино” настапува на земјаните тениски терени во рамките на СРЦ ”Младост”